АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ИНФОРМАТИВЕН ПАКЕТ

## МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
## MACEDONIAN FLASH 10

MACEDONIAN FLASH - 10
ATA KRVOLAK
05-12 APRIL 2014

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

ВЕЖБАТА„Македонски Блесок – 10" претставува Ситуациона - тактичка вежба на терен која ќе се реализира во период од 05 ДО 12 Април 2014 година во Центарот за Обука „Пепелиште" и на АП „Криволак".

Цел на вежбата е извежбување и НАТО оценување ниво 2 на Средна Пешадиска баталјонска група (СПБГ) и НАТО оценување ниво 2 на Лесната маневарска болница (Ниво-2).

На вежбата и претходеа квалитетни подготовки преку реализираните работилници и конференции: Работилница за Спецификација на вежбата МБ-10, Конференција за спецификација на вежбата, Работилница за планирање, Иницијалната Планирачка Конференција, Работилница за изработка на концептот на операции, Главната Планирачка Конференција, Работилница за финализирање на документите и Финалната Координативна Конференција. Работен јазик за изработка на документите на вежбата беше англискиот и при тоа навреме се изработени: Сценарио на активностите за отварање на вежбата, Програма за Денот на високи посетители, Протоколарна листа на гости, изработка и дистрибуција на покани, Главна листа на настани и инциденти (ГЛН/ГЛИ), План за медиумско покривање на настанот.

Вежбата ќе се реализира во 4 фази кои опфаќаат:

- Фаза на идивидуална и колективна обука (Ф-1)
- Фаза на планирање на одговор на кризи (Ф-2)
- Фаза на извршување (Ф-3)
    - Распоредување и
    - Извршување на оценување
- Фаза на анализа и проценка (Ф-4)

На вежбата ќе учествува Средната пешадиска Баталјонска Група (СПБГ) од 1.мпбр и Лесната Маневарска Болница - Ниво 2 од брЛП, логистички елементи од брЛП, претставници од ГШ на АРМ и на ЗОК, набљудувачи од НАТО тимовите за оценување и припадници на МВР.

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## РАКОВОДСТВО НА ВЕЖБАТА:

Директорот на вежбата:
потполковник Ѓоко Максимов

Началник на штаб на вежбата:
потполковник Ивица Сибиновиќ

Офицер со примарна одговорност за СПБГ
мајор Игор Манасовски

Офицер со примарна одговорност за ROLE-2
мајор Илчо Заковски

Началник на центарот на вежбата /EXCEN/:
мајор Игор Манасовски

Командант на повисоката команда /HICON/:
потполковник Симеон Митрев

Началник на ќелијата за настани и инциденти:
мајор Христијан Ѓоргов

Началник на Центарот за односи со јавноста
капетан Часлав Стојмановски

Началник на синдикатот за протокол
мајор Драган Арсиќ

ДИРЕКТОР НА ОЦЕНУВАЧКИОТ ТИМ СПБГ НОН-2
потполковник Сашко Лафчиски

ДИРЕКТОР НА ОЦЕНУВАЧКИОТ ТИМ ЛМБ НОН-2

мајор Билјана Блажевска

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## УЧЕСНИЦИ НА ВЕЖБАТА

Средна пешадиска баталјонска група (СПБГ) од 1.мпбр
командант потполковник Стојанче Тодоров

Лесна маневарска болница (ЛМБ) Ниво-2 од брЛП
командант мајор Ирена Минева

Претставници на вежбата Македонски Блесок – 10

Претставници од ГШ на АРМ

Претставници од Здружената Оперативна Команда

**a.** Примарен состав за обука

(1) СРЕДНА ПЕШАДИСКА БАТЛЈОНСКА ГРУПА (СПБГ)

- ШТАБ НА СПБГ;
- 3 МЕХАНИЗИРАНИ ПЕШАДИСКИ ЧЕТИ,
- 120ММ МИНОФРЛАЧКА БАТЕРИЈА,
- 105ММ ХАУБИЧКА БАТЕРИЈА,
- ЧЕТА ЗА БОРБЕНА ПОДДРШКА,
- ИЗВИДУВАЧКА ЧЕТА И
- ЛОГИСТИЧКА ЧЕТА.

(2) НИВО 2 ЛЕСНА МАНЕВАРСКА БОЛНИЦА.

**b.** Секундарен состав за обука

(1) Контролата на вежбата, Воздухопловната компонента и соодветен број на ќелии

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## СЦЕНАРИО НА ВЕЖБАТА

### Кризата во регионот на БОРНИОН.




Оддалечениот регион на БОРНИОН е сместен помеѓу морето ОРИОН и Средното Море и истиот се одликува со вековни превирања помеѓу различните култури кои кохабитираат таму.
Овој регион претставува спој на различни етнички влијанија, што е резултат на неговата гео-стратегиска положба како трговска раскрсница на потконтинетот, а со тоа и потенцијално жариште помеѓу различните етнички состави, спротивставени религиозни кланови.
Овој регион е трет во светот по наоѓалиштата на нафта и природен гас што значително може да допринесе за глобалниот економски развој.

- Развој на кризата во регионот
    - Тамари население
    - Откривање на природни ресурси во регионот на Борнион (нафта, природен гас (3. наоѓалиште во светот)
    - Зголемување на апетитите за експлоатација;
    - Ескалација на етничко насилство во реонот на Борнион (ТОА);
    - Внатрешно раселени лица (Бордор и Гондор);
    - СЕП 2010 Мисија на ОН во Бордор;
    - Интензивирање на напади кон конвои на ОН;

- ОКТ 2012 Ракетирање на камп на внатрешно раселени лица;

- 14 МАР 2013 – Резолуција на СБ на ОН 4588;
- 01 АВГ 2013 – Напад на ТОА врз аеродром во Струмица;
- 14 АВГ 2013 – Резолуција на СБ на ОН 4590 за „Формирање на мултинационални сили за спречување на насилствата во реонот на Борнион“ ;
- ОН 4591наложува формирање на НАТО – водена мисија во БОРДОР.

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## НАТО оценувањето НИВО 2 на СПБГ и НАТО оценување НИВО 2 на Лесната маневарска болница (ROLE 2) на вежбата „Македонски Блесок 10“

Вежбата „МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК-10“ е ситуациона тактичка вежба со единици на терен, каде преку оценувачкиот процес ќе се изврши оценување на декларираните единици при изведување на операции за подршка на мирот со примена на стандардните оперативни процедури на НАТО согласно Концептот за оперативни способности (ОСС) според кој се врши оценување на вистинските можности за упатување на единиците во меѓународни мировни мисии предводени од НАТО.

**АРМ преку НАТО оценувањато НИВО 2 на СПБГ и на Лесната маневарска болница ROLE 2 на вежбата „Македонски Блесок 10“ на најдобар можен начин ќе ја презентираа пред домашната и меѓународната јавност својата подготвеност за изведување на практични форми на обука според НАТО-стандардите.**

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## EXCON и HICON

**EXCON** – Центар за контрола на вежбата „Македонски блесок 10“. **EXCON** е одговорен за организација и реализација на вежбата „Македонски Блесок 10“. Со **EXCON** раководи началникот на штабот на вежбата, потполковник Ивица Сибиновиќ.

**EXCEN-** Раководи со целокупната организација на сите планирани активности преку **HICON** со што остварува координирање и синхронизирање на сите планирани активности на кои се врши оценување.
**EXCEN-от** преку ќелијата МЕЛ/МИЛ иницира настани и инциденти од кои што е детерминарана понатамошната работа на **HICON** со краен продукт десиминација на наредба за ангажирање на потчинетите единици. Одговорен за **EXCEN** е мајор Игор Манасовски.

**HICON** – претставува команда на бригада која ги реализира сите иницирани настани и инциденти добиени од **EXCEN** на вежбата „Македонски блесок 10“. Во улога на команда на бригада ги остварува функциите на командување и контрола со единиците кои се самооценуваат Ниво 1, персоналниот менаџмент, разузнавање и безбедност, операциите и планирањето, логистиката и CIMIC активностите. Одговорен за **HICON** е потполковник Симеон Митрев.

**EXCON, EXCEN и HICON се главни тела на вежбата кои успешно ги координираат сите иницирани активности на вежбата „Македонски блесок 10“.**

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## VOB - Биро за Високи гости и протокол

VOB е ќелија во Директоријатот на вежбата „Македонски Блесок - 10 " која покрај другите активности е најодговорна за организацијата на активностите околу Високите гости и набљудувачите кои ќе ја посетат вежбата.
VOB е со мисија за благовремено планирање, организирање и реализирање на активности за време на клучните настани на вежбата за домашни и странски високи гости, притоа запазувајќи ги правилата и нормите на воениот протокол. Во својот состав имаше постојани претставници од учесниците на вежбата и соработуваше со претставници кои беа од времен состав од единицата.
Пред почетокот на вежбата VOB изработи:
- Програма за свечено отварање и затварање на вежбата;
- Програм за Денот на високите гости (DV Day);
За време на изведувањето на вежбата „ Македонски Блесок - 10 " VOB на ден 07.04.2014 година е носител на церемонијата на отварање на вежбата, во спроведувањето на комплетната програма за Денот на високи гости која ќе се реализира на ден 11.04.2014 година на АП Криволак и церемонијата на затворање на вежбата.

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## PIC

### PIC /Public information centre/ – Центар за односи со јавноста

Центарот за односи со јавноста PIC (Public Information Centre) беше формиран со основна задача да обезбеди континуирано и навремено информирање на јавноста за активностите и значењето на вежбата „Македонски Блесок – 10“ со кој раководеше офицерот за односи со јавноста од 1.мпбр, капетанот Часлав Стојмановски.

Согласно планот на вежбата, како и врз основа на пропишаните процедури на НАТО за изведување на вежби од ваков карактер, Центарот за односи со јавноста беше потполно потчинет на Директорот на вежбата. PIC претставува стручен орган на Директорот на вежбата за планирање и организирање на информирањето на јавноста и внатрешните структури на АРМ за вежбата, како и документирање на активностите од изведувањето на истата.

Со цел да се изврши целосно и сеопфатно информирање на јавноста на Република Македонија, како и афирмирање на АРМ и степенот на обученоста на нејзините припадници, Центарот за односи со јавноста на вежбата спроведуваше и водеше **проактивна политика на информирање**.

Сите информации, соопштенија и фото галерија од вежбата „Македонски Блесок 09“ најдоа свое место на официјалната WEB страна на АРМ на Република Македонија www.arm.mil.mk.

PIC за време на вежбата „Македонски блесок 10“ обезбеди континуирано медиумско покривање на вежбата за цело време на нејзиното одржување со што се обезбеди целосна транспарентност, подготви и организира прифат на државните и локалните медиуми кои ја посетија вежбата, изработи план за медиумско покривање врз основа на динамиката на активностите, како и брифинзи и друг вид активности со медиумите, со цел презентирање на целите и содржините на вежбата, следење, обработка, анализа и проценка на информативните содржини во врска со вежбата, објавени и публикувани во средствата за јавно информирање и нивното влијание врз учесниците на вежбата и на АРМ, и изработи информативен пакет на вежбата кој им беше поделен на учесниците на вежбата.

Центарот за односи со јавноста беше сместен во ЦО Пепелиште.

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## PIC – Центар за односи со јавноста

Центарот за односи со јавноста ги координира реалните активности врзани со медиумите во врска со планирањето и реализацијата на вежбата, за што во рамките на раководството на вежбата ќе се формира ќелија за Односи со јавноста. Овој сегмент ќе служи како примерен авторитет од каде ќе се лиферуваат информации (пишани, вербални, во вид на фотографии, видео материјали итн) поврзани со вежбата „Македонски Блесок – 10". Активниот однос на ќелијата за односи со јавност ќе подразбира постојано преземање на иницијативи за постигнување на саканиот публицитет. Овој сегмент од раководството на вежбата во текот на реализација на вежбата ќе објавува пригодни публикации заради информирање на персоналот за најзначајните активности во текот на реализација на вежбата. Сите активности на оваа ќелија ќе мора да се координираат со Канцеларијата за односи со јавност во ГШ на АРМ.

### НАСТАНИ ЗА МЕДИУМСКО ПОКРИВАЊЕ НА ВЕЖБАТА

| Настан | Датум | Место |
|---|---|---|
| Церемонија по повод отворањето на вежбата | 07 Април | ЦО Пепелиште |
| Проект за Цивилно-Воена соработка<br>Донација од Раководството на вежбата | 09 Април | АП Криволак |
| Проект за Цивилно-Воена соработка<br>Чистење на депонијата во село Криволак | 10 Април | АП Криволак |
| Ден на Високи посетители | 11 Април | Полигон „Криволак" |
| Церемонија по повод затворање на вежбата | 12 Април | ЦО Пепелиште |

**07 Април 2014 година:**

- Отварање на вежбата „Македонски Блесок 10" во 12.00 часот во Центарот за обука „ПЕПЕЛИШТЕ",

**09 Април 2014 година:**
- Проект за Цивилно-Воена соработка - Донација од Раководството на вежбата

**10 Април 2014 година:**
- Проект за Цивилно-Воена соработка - Чистење на депонијата во село Криволак

**11 Април 2014 година:**
- Ден на Високи Посетители на „Македонски Блесок - 10“.

**12 Април 2014 година:**
- Затварање на вежбата „Македонски Блесок - 10“ во 12.00 часот во Центарот за обука „ПЕПЕЛИШТЕ“.

**Структура на PIC**

Врз основа на вака поставените задачи Центарот за односи со јавноста на вежбата „Македонски Блесок - 10“ се состои од следниот персонал:

- Шеф на Центарот за односи со јавноста
- Офицер за односи со јавноста;
- Подофицер за односи со јавноста – фоторепортер.
- Администратор во ЦОЈ и видео камера

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## СТРУКТУРА НА ВЕЖБА:



АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10




Команди на НАТО вклучени во оценувањето на вежбата:

**SHAPE**

**JFC Naples**

**NATO Allied Land Command**

**NATO CENTRE OF EXCELLENCE FOR MILITARY MEDICINE**

Вежбата ќе ја оценуваат **16** судии од следнте земји

| <u>НАТО</u> | <u>ПзМ</u> |
|---|---|
| -Франција | - Австрија |
| -Холандија | - Црна Гора |
| -Турција | - Азербејџан |
| -Норвешка | - Шведска |
| -Германија | |
| -Бугарија | |

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

**ВЕЖБА**
**МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10**
**MACEDONIAN FLASH 10**

**Хиерархија на документи:**



# ПОДГОТОВКИ НА ВЕЖБАТА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

## Подготовка на вежбата



На вежбата и предходеа квалитетни подготовки и планирање. Планирачкиот процес се реализираше според стандардите на НАТО во согласност со Директивата за планирање 75-3 Bi-SC, и овој процес се состоеше од: Иницијална, Главна Планирачка и Финална Координативна Конференција. Планирачките конференции се реализираа во ЦО Пепелиште и АП Криволак. Во периодот помеѓу планирачките конференции се реализираа и четири работилници на кои учествуваше клучниот персонал одговорен за целосното заокружување на процесот на планирањето.



Сите документи кои се предвидени со Директивата за планирање 75-3 Bi-SC се изработени на англиски јазик, кој воедно беше и работен јазик за учесниците во планирачкиот процес за вежбата. Со заокружувањето на процесот на планирањето беа изработени следните документи: **EXSPEC**-спецификација на вежбата, **EXPLAN**-план на вежбата, **OPLAN**-оперативниот план, **OPORD**-оперативна наредба, **MEL/MIL** – Главна листа на настани и инциденти, првичното соопштение за јавноста, брифингот со медиумите за вежбата и финансиската конструкција на вежбата „Македонски блесок 10“.

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА

# ВЕЖБА
# МАКЕДОНСКИ БЛЕСОК 10
# MACEDONIAN FLASH 10

**Табеларен приказ на главните активности при подготовките на вежбата:**

| НАСТАН | ДАТА | ЛОКАЦИЈА |
|---|---|---|
| Работилница на ГПВ | 11. и 12. АПР 2013 | Пепелиште |
| Конференција за Спецификацијата на МБ – 10 | 21. ЈУН 2013 | ЗОК Куманово |
| Работилница за Планот на МБ - 9 | 04. - 08. НОЕ 2013 | Пепелиште |
| ИПК | 02. - 06. ДЕК 2013 | Пепелиште |
| Работилница за изработка на Концептот на операции | 27. – 31. ЈАН 2014 | Пепелиште |
| ГПК | 10. - 14. ФЕВ 2014 | Пепелиште |
| Работилница за финални документи за МБ - 10 | 03. - 07. МАР 2014 | Пепелиште |
| ФКК | 17. - 21. МАР 2014 | Пепелиште |
| Реализација на МБ – 10 3. фаза | 05. – 12(13). АПР 2014 | АП Криволак Пепелиште |
| Реализација на МБ – 10 Ден за Високи Посетители | 11. АПР 2014 | АП Криволак |
| 4. Фаза (Анализа) | 12. АПР 2014 | Пепелиште |
| Иницијалено Известување за МБ - 10 | 20. ЈУН 2014 | ЗОК Куманово |
| Финално Известување за МБ - 10 | 26. СЕП 2014 | ЗОК Куманово |